**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Јакимовска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Гостивар и Кичево**
**ул. Никола Тесла бр. 1**
**тел. 042 221-510**

**Образец бр.66**

**И.бр.216/16**

Извршителот **Весна Јакимовска** од **Гостивар** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Луан Беќири** а сега врз основа на Договор со ОДУ бр. 189/2026 од 05.03.2026 година на Нотар Берат Мехмеди од Гостивар, доверител Зија Даути , засновано на извршната исправа МалвП.бр.22/15 од 21.9.2015 на Основен суд Гостивар, против должникот **Ирфан Јакупи**, за спроведување на извршување во вредност 61.695,00 ден., на ден 17.03.2026_ година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: КП бр. 6817 дел 3 в.м. Леска , зз, нива, класа 2 со површина 421,4 м2 за пишана во ИЛ 103176 за КО Гостивар 2 сопственост на должникот **Ирфан Јакупи**.

Продажбата ќе се одржи на ден 10.04.2026_година во 10,00 часот во просториите на Извршител Весна Јакимовска на ул. Никола Тесла бр. 1 Гостивар.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Весна Јакимовска, изнесува 1.043.135,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: три налози од извршител. Должникот не го задржува правото да домува тука и е должен недвижноста да ја испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001513764435 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5007007126851.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од _15_дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска

Д.-на: Ирфан Јакупи,Зија Даути,Халк банка

Општина Гостивар, Нова Македонија, КИРСМ

Архива на извршител

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Гостивар_ согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.